Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
„Љубен Лапе“

Република Северна Македонија
*ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЉУБЕН ЛАПЕ“*
Општина Аеродром

Бр. 02-347/2
26.4.2022 год.
Аеродром-Скопје

Врз основа на член 61 став (1) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), директорот на Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање Комисија за запишување на ученици во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2022/2023 година**

**Член 1**

Со ова решение се формира Комисија за запишување на ученици во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2022/2023 година, во состав:

1. Снежана Мирчевска , педагог – претседател на Комисијата;
   Тара Кораќ , психолог – заменик на претседател на Комисијата;

2. Ивана Цветановска , дефектолог – член;
   Јасмина Стефанова , одделенски наставник – заменик на член;

3. Светлана Николовска , одделенски наставник – член и
   Јулијана Вељовска , одделенски наставник – заменик на член.

**Член 2**

Мандатот на членовите и замениците на членовите од член 1 на ова решение е за време на периодот за запишување на ученици во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2022/2023 година, но најмногу до една година.

**Член 3**

Комисијата од член 1 на ова решение, е должна да закаже термини за тестирање на учениците, за што ќе испрати писмено известување и распоред на адреса според списокот за реонизација добиен од Општина Аеродром,

Термините и распоредот за тестирање од став 1 на овој член Комисијата е должна и јавно да ги објави на огласната табла и на интернет страницата на училиштето.

Комисијата од член 1 на ова решение е должна при запишувањето на учениците да ја прими поднесената Пријава за запишување ученик во прво одделение во учебната 2022/2023 година и да ја провери целокупноста на документацијата што се поднесува во прилог кон Пријавата, а истата е наведена во објавениот Оглас за запишување на ученици во прво одделение во училиштето, за учебната 2022/2023 година.

Доколку Комисијата процени дека детето има одредена развојна попреченост, а притоа родителот, односно старателот не доставил мислење/функционален профил од стручното тело за проценка, во најдобар интерес на детето, Комисијата е должна да го упати родителот, односно старателот кај стручното тело за проценка, со цел да се одредат потребните мерки за поддршка во учењето.

За незапишувањето, односно за неподготвеноста на детето за тргнување во училиште, Комисијата е должна писмено да го извести родителот, односно старателот, најдоцна до 15 јуни 2022 година, за што родителот, односно старателот по добиеното известување има право на приговор во рок од осум дена од денот на добивањето на известувањето, до комисијата формирана од градоначалникот на општината.


Општинско основно училиште
„Љубен Лапе“
Општина Аеродром, Скопје
Ул. Васко Карангелески, бр.2,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
+389 2 2452 091
www.oouljubenlape.edu.mk
ljuben_lape@yahoo.com

Scanned with CamScanner

**Член 4**

Комисијата, најдоцна пет дена по завршување на запишувањето на учениците, до директорот на училиштето, доставува детален писмен извештај со податоци од поднесените пријави и запишаните ученици, по кој извештај училиштето најдоцна до 15 јуни истакнува список на запишани ученици на огласната табла и на интернет страницата на училиштето.

**Член 5**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на огласната табла и на интернет страницата на училиштето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Согласно член 61 став (1) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19 и 229/20), запишувањето на детето во училиштето во учебната 2022/2023 година, го врши тричлена комисија составена од педагог или психолог или специјален едукатор и рехабилитатор и наставник од редот на одделенските наставници.

Директорот на училиштето како орган на раководење, донесе решение за формирање Комисија за запишување на ученици во Општинското основно училиште „Љубен Лапе“, Општина Аеродром – Скопје, за учебната 2022/2023 година.

Дополнително, во член 60 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19 и 229/20) е утврдено дека децата во прво одделение во основното училиште се запишуваат во месец мај за следната учебна година, како и условите и потребната докуемнтација што родителот, односно старателот е должен да ја достави при запишувањето во прилог кон Пријавата за запишување и истата е наведена во објавениот Оглас од страна на училиштето.

Согласно ова, директорот на училиштето одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**в.д ДИРЕКТОР**
**м-р Сања Стојанова**

Република Северна Македонија Општинско основно училиште ЉУБЕН ЛАПЕ Аеродром-Скопје

**Доставено до:**
- претседателот, членовите на Комисијата и нивните заменици

Изработил:
Секретар,
Виолета Стојковиќ


Општинско основно училиште „Љубен Лапе“ Општина Аеродром, Скопје
Ул. Васко Карангелески, бр.2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 2 2452 091
www.oouljubenlape.edu.mk
ljuben_lape@yahoo.com

Scanned with CamScanner